**погледи - мислења - дилеми**

# СОСТОЈБА, ОРГАНИЗАЦИЈА И НАСОКИ ВО РЕШАВАЊЕТО НА ПРОБЛЕМОТ КАЈ ЛИЦАТА СО АУТИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

*Љупчо АЈДИНСКИ*

Филозофски факултет
Институт за дефектологија

## *Резиме*

Аутизмот како состојба - поради специфичностите од медицински, психолошки и дефектолошки аспект - претставува општествен и, пред сè, стручен проблем. Во таквиот контекст третманот и решавањето, условно речено, се детерминирани од комплекс на теориски, истражувачки, клинички, едукативни и практични активности. Во овој труд се презентирани согледувања за постигањата во третманот на аутизмот во определени сегменти. Во таа смисла се изложени организацијата на третманот кај децата со аутизам, активностите во решавањето на проблемот и за рехабилитационо-едукативниот третман на аутизмот, а се изнесени и програмските содржини за работа со лицата со аутизам.

***Клучни зборови**: аутизам, третман, облици, програма, стручен кадар*

Адреса за кореспонденција:
*Љупчо АЈДИНСКИ*
Универзитет „Св. Кирил и Методиј“
Филозофски факултет
Институт за дефектологија
Бул. Крсте Мисирков бб
1000 Скопје, Република Македонија
ajdinski@mt.net.mk

**views - opinions - dilemmas**

# CONDITION, ORGANIZATION AND DIRECTIONS IN SOLVING THE PROBLEM OF PEOPLE WITH AUTISM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

*Ljupcho AJDINSKI*

Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation

## *Abstract*

Autism as a condition, due to its specifics from medical, psychological as well as from special education and rehabilitation aspect, is a complex professional and social problem. Therefore in solving the problems of autism, it is approached from theoretical, research, clinical, educational and practical aspects. This paper presents all mentioned aspects and our awareness of how far we have gone in the treatment of autism.

This work indicates the treatment organization of children with autism, the activities undertaken in solving the problem and rehabilitation-education treatment of autism, with a brief presentation of the program contents of the work with autistic people.

***Key words**: autism, treatment, form, program, working staff*

Corresponding Address:
*Ljupcho AJDINSKI*
“Ss Cyril and Methodius” University
Faculty of Philosophy
Institute of Special Education and Rehabilitation
Bull. Krste Misirkov bb
1000 Skopje, Republic of Macedonia
ajdinski@mt.net.mk

## *Вовед*

### *а) Воведни информации за првичните активности за организирање третманот на лицата со аутизам во Р. Македонија*

Во организираниот систем и во големиот број специјализирани установи за заштита, образование и рехабилитација на лица со инвалидност, на ист начин не се опфатени и лицата со аутизам, иако родителите тоа го бараат секојдневно.

Првите почетоци на медицински третман со одделни деца со аутизам почнаа во седумдесеттите години од минатиот век од д-р Драгослав Копачев во Заводот за ментално здравје. Од истиот стручњак некаде во тоа време е објавен и првиот стручен труд за аутизмот како појава во светот и кај нас.

Сè до 1993 година ни надлежните органи ни стручните установи не им излегле во пресрет на семејствата на таквите лица ни, пак, почнале расправа за овој проблем. По барање на неколку рехабилитациони установи што работат со деца и младинци попречени во развојот, авторот на овој труд изготви предлог - елаборат за организирање третман на деца со аутизам во Република Македонија. По неговото проучување, установите зедоа обврска за негово реализирање, но без забележителни резултати.

### *б) Обновување на активностите*

Во 1995 година се обнови идејата од Друштвото на олигофренолози при Сојузот на дефектолозите на Македонија за да се стори нешто околу организирањето третман на лицата со аутизам, која беше поддржана од сите сојузи на инвалидизирани лица, рехабилитационите установи од Скопје, Заводот за ментално здравје, Клиниката за детски болести и Дефектолошките студии при Филозофскиот факултет во Скопје.

Од сиве овие субјекти се постигна заедничка согласност и се презедоа овие активности:

- Авторот на овој труд изготви програма за организирање на третманот;

## *Introduction*

### *a) Introductory information on the initial activities for treatment organization of people with autism in the Republic of Macedonia*

People with autism are not equally included, although their parents require that, in the organized system and in a great number of specialized institutions for care, education and rehabilitation of people with disabilities.

The first attempts for medical treatment of certain children with autism were made by Dr. Dragoslav Kopachev at the Institute for Mental Health in the 70s of the last century. Then Dr. Kopachev published his professional work on autism as an occurrence in the world and our country.

Till 1993 neither the authorized organs nor the professional institutions obliged the families of such people, nor were discussions on this problem. On request of several institutions for rehabilitation of children and youth with physical disabilities, the author of this paper prepared a detailed proposal for treatment organization of children with autism in the Republic of Macedonia. After having studied the proposal, the institutions initiated its implementation but without significant results.

### *b) A renewal of the activities*

In 1995 this idea was renewed by the Society of oligo-phrenologists at the Society of Special Teachers of Macedonia to assist in treatment organization of people with autism. The idea was supported by all Societys of disabled people, institutions for rehabilitation in Skopje, the Institute for Mental Health, Pediatric Clinic and by the Special Education and Rehabilitation Studies at the Faculty of Philosophy in Skopje.

They all agreed to undertake these activities:

- The author of this paper prepared Program for treatment organization;

- Се направи увид врз бројноста на овие лица;
- Се организира семинар со родители на деца со аутизам, со дефектолози, медицински сестри и со други стручњаци за да работат со таквите деца. На семинарот предаваа врвни стручњаци од нашата држава и од странство;
- На семинарот се формира Друштво за помош на деца со аутизам од родители, стручни лица и од пријатели на семејствата на таквите лица;
- Се определија установи за организирање и спроведување на третманот;
- Се воспостави стручна соработка со Центарот за аутизам од Белград и се постигна согласност за оспособување на наши стручни лица и давање стручна помош за почнување со третманот на таквите лица кај нас;
- Се водеа разговори со надлежните министерства за поддршка на оваа иницијатива;
- Се организираа неколку ТВ - емисии за оваа проблематика, на кои настапија стручњаци и родители на такви деца од државата.

Друштвото ја почна активноста и добро работеше во наредните две години. Дојде до вклучување на поединечни деца за третман во некои од посебните училишта и рехабилитациони установи во Скопје. Потоа во 1998 година замреа секакви активности на Друштвото, поради што Институтот за дефектологија го замоли д-р Ристо Петров да работи врз обновување на активностите на Друштвото и околу заживување на донесената програма во 1995 година за организирање на третманот.

Новоформираното друштво успешно почна со работа. Се ангажира околу откривање нови семејства кои имаат деца со аутизам, одржување предавања низ државава и настапување на телевизиските медиуми. За подобро информирање на јавноста, исто така, во издание на Друштвото, група стручњаци издадоа популарна брошура за аутизмот.

- There was an investigation on the number of these people;
- A seminar was organized for parents of children with autism, special teachers, nurses and other professionals to work with such children. The lectures at the Seminar were held by eminent experts from the country and abroad;
- Society for help to children with autism was established, by parents, professionals and friends of the families with such children, at the seminar;
- Institutions for treatment organization and implementation were determined;
- Professional cooperation was established with the Center for Autism in Belgrade to provide training for our professionals and assistance for treatment implementation for such people in our country;
- There were talks with the relevant Ministries to support this initiative;
- TV programs on this matter were organized with participation of professionals in this field and parents of autistic children in the country.

The Society started its activities and was very productive for two years. Children were included for treatment in special schools and institutions for rehabilitation in Skopje. Then in 1998 the Society stopped its activities. Therefore the Institute for Special Education and Rehabilitation asked Dr. Risto Petrov to assist the Society with the renewal of the activities and implementation of the Program from 1995 for treatment organization.

The newly formed Society started its work successfully. New families with children with autism were found out. Lectures on autism were held in different places throughout the country as well as on TV. In order to inform the public better on this issue, the Society supported a group of experts to publish a brochure on autism.

Во организација на Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас и на Институтот за дефектологија во почетокот на 2000 година се одржа советување за аутизмот во Скопје со стручњаци од сите профили што работат во оваа област, а предавачи беа од Белград и Скопје. Како резултат на ова советување и со помош на стручњаците од Белград, дојде до отворање и почнување со работа на првата група деца со аутизам од предучилишна возраст во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас во Скопје.

Следејќи ги истражувањата и третманот на аутизмот во светот, Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет и Институтот за имунологија при Медицинскиот факултет, дадоа иницијатива и во мај 2000 год. се формира Македонско научно здружение за аутизам (МНЗЛ).

Здружението се насочи да работи врз примарната превенција кај лицата со аутизам; потоа истражување на механизмите поврзани со аутизмот, истражување на ефектите од рехабилитацијата на лицата со аутизам, третирање на лицата со аутизам, како и координација со владини и невладини организации.

За кусо време ова здружение го утврди бројот и направи преглед на семејства со лица со аутизам и почна изготвување национален регистар, воведе две ВЕБ-страници Аутизам-Македонија и МНЗА на интернет, се зачлени во европската асоцијација за аутизам, објави брошура за правата на лицата со аутизам, членови на Здружението учествуваа во научни проекти, се објавија стручно-научни трудови во списанија и се учествуваше на неколку собири со свои стручни трудови дома и во странство, како и настапи на ТВ.

### *1. Некои аспекти од организацијата на третманот на лицата со аутизам*

Постојат разни системи за третман на лица со аутизам: од повремена терапија; следење и помош на вклучени деца во посебни групи при редовни градинки и посебни училишта;

The Institute for Rehabilitation of Hearing, Speech and Voice and the Institute for Special Education and Rehabilitation organized a Conference on Autism, held in Skopje at the beginning of 2000, with participation of professionals dealing in this field and lecturers from Skopje and Belgrade. As a result of this Conference and with the assistance of the experts from Belgrade, the first group of preschool children with autism started its work at the Institute for Rehabilitation of Hearing, Speech and Voice in Skopje.

Following the research and treatment of autism in the world, the Institute for Special Education and Rehabilitation at the Faculty of Philosophy and the Institute for Immunology at the Faculty of Medicine, took the initiative and Macedonian Scientific Society for Autism (MSSA) was established in May 2000.

The Society directed its work towards: primary prevention of people with autism, research on the mechanisms referring to autism, research on the effects of rehabilitation of people with autism, treatment of people with autism as well as coordination with both governmental and non-governmental organizations.

In a very short time the Society established the number and presented a survey of families with autistic people and started to prepare the National register, introduced two web sites on the Internet, Autism-Macedonia and MSSA, became a member organization of the European Society of Autism, published a brochure about people with autism; its members participated in scientific projects, at Conferences in the country and abroad, had presentations on TV and their professional and scientific works were published in magazines.

### *1. Some aspects of treatment organization of people with autism*

There are different systems for treatment of people with autism: temporary therapy; follow-up and assistance to included children in regular kindergardens and in special schools;

во стационарни центри за издвојување на децата со аутизам во кризни периоди; центрите за терапија на децата и членовите на нивните семејства преку викендот; дневни центри за третман сè до заводите за сместување и рехабилитација на децата со аутизам. (1)

Според Ивона Милачиќ (2), историски гледано, до 50-те години од минатиот век децата со аутизам се наоѓале во психијатриските институции. Во 1965 година **Стевен Сегал** рекол дека нема ниедно дете што не може да се едуцира, така што иницирал промени со кои на секое дете му се дава право на едукација. Тоа во Англија е предвидено со посебен закон **Education Act**, а во Америка **Carl Fenichel** иницирал програма за деца со аутизам во дневен престој (**Special days school**).

Истиот автор наведува дека од деновите на Канер до денес, се развиле повеќе видови третмани и едукативни пристапи, па врз основа на согледувањата во Америка и Англија се констатирало дека има различни видови третмани.

Д-р Диана Цокова од Бугарија во својот труд (2005), излагајќи за третманот на децата со аутизам во САД и во Англија, посебно се задржува на најновите определби на овие земји во воспоставувањето на раниот третман на децата со аутизам од 90-те години на минатиот век наваму и создавањето на поповолни услови за помош на родителите за спроведување на ран третман во семејството. (10)

Најчести облици на третман на децата со аутизам во одделни земји се :

- Посебните групи за деца од предучилишна возраст, при редовни детски градинки, специјални детски градинки или при соодветни установи што вршат рехабилитација на деца од предучилишна возраст;
- Посебни групи за деца од училишна возраст, при посебни или редовни училишта;
- Посебни групи или работни единици за младинци со аутизам, при установи за заштита и рехабилитација на младинци со инвалидност;

in stationary centers for separation of children with autism in critical periods; centers for therapy of children and their families at weekends; daily centers for treatment as well as institutes for lodging and rehabilitation of children with autism. (1)

According to Ivona Milachikj (2), up to 50s of the last century, children with autism were treated in psychiatric institutions. In 1965, **Steven Segal** said that every child could be educated and he initiated changes which provided children with their rights to education. **Education Act** provides that in Britain and **Carl Fenichel** initiated a program for children with autism in **Special day school** in the States**.**

The same author points out that a great number of treatments and educational approaches have developed since Caner. On the basis of the experiences in Britain and in the States different types of treatment can be considered.

Dr. Diana Cokova from Bulgaria in her work (2005), presenting the treatment of children with autism in the USA and in Great Britain, points out the latest commitments in these countries to establish early treatment of children with autism since the 90s of the last century and to provide favorable conditions for assistance to parents in carrying out early treatment in the family. (10)

Most frequent forms of treatment of children with autism in different countries are:

- Special groups of pre-school children at regular kinder-gardens, special kinder-gardens or within relevant institutions for rehabilitation of children at pre-school age;
- Special groups of school children at special or regular schools;
- Special groups or working units for autistic youth at institutions for care and rehabilitation of youth with disabilities;

- Посебни групи или работни единици со стационар за деца и младинци со аутизам при установи за заштита и рехабилитација на деца со тешкотии во развојот;
- Посебни центри за третман на деца и младинци со аутизам со потешка оштетеност, што може да бидат дневни центри или стационари.

Бројот на децата со аутизам, во зависност од возраста, во една група изнесува од 3-4, а работното време е различно. Третманот во групите во градинките и во училиштата претежно се одвива во работните денови кога работат установите во исто време, како и другите работни единици, а во во групите со целодневен престој при установите за рехабилитација и заштита на лицата со инвалидност се изведува од 7-17 часот. Третманот во групите со стационар при установите за заштита и рехабилитација или во самостојните центри за аутизам се изведува дење и ноќе и тоа од 06-12, од 12-18, и од 18-06 наутро.

Работата во групите се изведува групно и индивидуално. Тежиштето на претпладневната работа е на интензивно структурна воспитно-образовна терапевтска и рехабилитациска работа, додека тежиштето на попладневната работа е на рекреативна, работнотерапевтска, образовно-спортска и креативната активност (ликовно, музичко и др.).

Изборот на стручниот кадар, на членовите на стручниот тим и на терапевтските постапки во третманот е многу важен, имајќи предвид дека во третманот учествуваат повеќе профили од стручни кадри.

Програмските содржини во групата се реализираат со секое дете индивидуално од дефектолог. На дефектологот во работата му помага медицинска сестра што се грижи за спроведување на здравствената заштита и исхраната на детето. Покрај овие два профила, во третманот на овие деца учествуваат и други стручни лица, како што се психолог, логопед, социјален работник и др. Овие деца треба постојано да бидат следени и да бидат под постојана контрола на педијатар, невропсихијатар и физиотерапевт.

- Special groups or working units with stationeries for children and youth with autism at institutions for care and rehabilitation of children with developmental disabilities;
- Special centers (daily centers or stationeries) for treatment of children and youth with autism of hard impairment.

The number of children, depending on the age, in a group is 3-4, and the working hours are different. The treatment of the groups in kinder-gardens and in schools takes place on work days at the same time as in other working units, but in the groups on a whole day base treatment at institutions for rehabilitation and care of people with disabilities, it takes place from 07:00 a.m. till 05:00 p.m. The treatment in groups with a stationery at institutions for care and rehabilitation or at independent centers for autism takes place from 06:00 till 12:00 a.m., from 12:00 at noon till 06:00 p.m. and from 06:00 p.m. till 06:00 a.m. (i.e. day and night).

The work within the groups is performed in groups and individually. The morning work is focused on intensive, structural, educational, therapeutic and rehabilitating work, while the afternoon work is focused on recreation, therapeutic, sports and creative activities (fine arts, musical education and so on).

The choice of professional staff, members of experts' team as well as of therapeutic approaches in the treatment is very important, having in mind that different profiles of professionals participate in the treatment.

The program content of the group is carried out with each child individually by a special teacher. The special teacher is assisted by a nurse who is in charge of child's health care and nutrition. Besides them, other professionals such as: a psychologist, speech therapist, social worker and others take part in the treatment. These children are under constant observation and control of a pediatrician, neuropsychiatrist and physiotherapist.

## 2. Можни програмски содржини за непосредна работа со децата со аутизам

Програмските содржини за непосредна работа со деца со аутизам бара посебна и опширна елаборација. Засега ќе ги наведеме само глобалните програмски содржини што треба да бидат опфатени во програмата.

*Развој на самостојност, самопомош и социјализација*

- Запознавање со условите на престојот и работата во гупата и работата во објектот, навикнување на работната атмосфера, запознавање на општествената средина и поширокото окружување на детето;
- Развивање грижа за себе во доменот на исхраната, личната хигиена, оспособување на децата за самостојно задоволување на своите потреби при престојот во установата, оспособување за вештини за користење тоалетот, задоволување на основните хигиенски навики, совладување вештини за соблекување и облекување и др.;
- Снаоѓање во секојдневни ситуации (улица, продавница, ресторан, превоз и др.);
- Постигнување неопходна комуникативност за функционирање во секојдневни ситуации. Запознавање со поимите на природната средина, ориентација во просторот и со правилата на поведението во саобраќајот. (3)

Облици на работа:

- Воспитна работа во секојдневни ситуации;
- Организирана игра (стимулација на животни ситуации).

### *Развој на специфични креативни способности*

Со оваа програма се поттикнува развојот на индивидуалните склоности во областа на ликовното, музичкото и другите облици за креативно изразување.

Во областа на музичката култура е предвидено согледување и потврдување на посебните музички способности; будење интерес за ритам; развивање елементарни аудитивни перцепции; поттикнување звучни имитации, пеење и помнење на отпеаниот материјал.

## 2. Possible program content for direct work with autistic children

What to be included in the program contents for direct work with autistic children requires a special and detailed elaboration. This paper presents only the global program contents.

*Development of independence, self-assistance and socialization*

- Getting to know the conditions of the stay, the work in the group and the work in the premises, getting used to the working environment, getting to know the social environment;
- Developing care of themselves in the domain of nutrition, personal hygiene, training children for independent fulfillment of their needs while they are in the institution; training them to acquire skills of how to use the toilet, to satisfy basic hygienic habits, dressing and undressing and so on;
- Getting accustomed with everyday situations (street, shop, restaurant, transport and so on);
- Acquiring necessary communication in order to function in everyday situations. Getting to know the ideas about the natural environment, orientation in space, the rules of behavior in traffic.(3)

Forms of work:

- Education in everyday situations;
- Organized game (stimulation of life situations).

### *Development of specific creative abilities*

This program encourages the development of individual inclinations in the field of fine arts, music and other areas of creative expression.

In the area of musical culture, it is anticipated to perceive and acknowledge special musical abilities, to waken the interest in rhythm; to develop elementary auditory perceptions; to encourage sound imitations and singing and remembering the sung material.

*Воспитно-образовната област на работната окупација*

Во рамките на оваа воспитно-образовна област се предвидува формирање основни работни навики кај децата со аутизам, поттикнување развојот на фината психомоторика и мануелната спретност, збогатување на сензомоторното искуство, создавање предуслови за натамошна работа и се запознаваат основните материјали и техники за работа, во сообразност со детските способности и можности.

Облици на работа:

- Запознавање со различни материјали и техники за работа;
- Формирање потребни вештини и навики за работен процес;
- Оспособување за вршење елементарни работни операции и работни активности;
- Вклучување во производен процес и соработка со заштитни работни организации.

**Спортско-рекреативни активности**

- Поттикнување за доживување на телесноста и телесната целост;
- Задоволување на примарните потреби за движење и игра;
- Поттикнување и создавање контакти, развивање комуникации, социјализација и групна идентификација;
- Стимулација на физичкиот развој, координација, прецизност, брзина, подвижност и рамнотежа;
- Стекнување моторни вештини што може да се применат во животот и работата, заради оптимална работна и социјална рехабилитација.

Облици за работа:

- Физичко воспитување;
- Организирана игра и дружење со деца-врсници;
- Културно-забавни активности;
- Летување, зимување и сл. ;
- Прошетки, излети и сл.

*Educational area of working occupation*

It is anticipated, within this educational area, to form basic working habits of children with autism, to stimulate the development of psycho-motor and manual skills, to enrich senso-motor experience, to establish preconditions for further work and to get to know basic materials and techniques for work in regard to child's abilities and possibilities.

Forms of work:

- Getting to know different materials and techniques for work;
- Forming necessary skills and habits for working process;
- Training for performing elementary working operations and activities;
- Including in the production process and cooperation with shelter working organizations.

**Sports and recreation activities**

- Stimulation for experiencing the body and the body image;
- Satisfaction of primary needs for movements and play;
- Stimulation and making contacts, communication development, socialization and group identification;
- Stimulation of physical development, coordination, precision, speed, mobility and balance;
- Gaining motor skills which can be applied in life and work, for optimal work and social rehabilitation.

Forms of work:

- Physical education;
- Organized game and socializing with children of the same age;
- Cultural activities and entertainment;
- Summer and winter vacations and so on;
- Walks, outings and so on.

*Модфикација на йоведениейо*

Со примена на Бихејвиоралната терапија се менуваат неадекватните и нефункционалните облици на поведение. Модификацијата на поведението ја опфаќа целокупната програма на едукација, терапија, рехабилитација, работно оспособување. Тоа подразбира примена на различни индивидуални програми и пристапи за секое дете. (1)

## *ПРЕДЛОЗИ*

### ЗА ПРОДОЛЖУВАЊЕ НА ЗАПОЧНАТИТЕ АКТИВНОСТИ ВО РЕШАВАЊЕТО НА ТРЕТМАНОТ НА ДЕЦАТА СО АУТИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Организацијата на третманот на лица со аутизам треба да се насочи кон:

1. Почнување, а таму каде што е почнато, продолжување на третманот со најлесниот облик во организацијата, кој не бара многу ни кадар, простор, сретства, односно отворање посебни групи што може да работат во една или во две смени при постојни установи (градинки, училишта, рехабилитациони установи, здравствени установи и др.).
2. За предучилишни деца со аутизам, покрај групата што веќе работи при Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас, можно е да се отворат уште 4 групи, и тоа 3 во Скопје, од кои по една при Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас (нова група), при Заводот за рехабилитација на деца и младинци и при Заводот за ментално здравје во Скопје. Другите две групи може да се отворат по една во Заводот за рехабилитација на слух, говор и глас во Битола и во една од детските градинки во Струмица, каде што веќе има евидентирано такви деца.
3. За деца со аутизам од училишна возраст можно е засега да се отворат 6 групи и тоа 3 во Скопје, по една во посебните училишта *Д-р Злайан Сремац* и *Иднина* и во *Заводой за менйално здравје*, а другите три групи да се отворат по една во посебните училишта, односно посебните паралелки во Битола, Ново Село-Струмица, и во Куманово.

*Modification of behavior*

Inadequate and nonfunctional forms of behavior are changed when behavioral therapy is applied. Modification of behavior covers the whole program of education, therapy, rehabilitation, work and training. That means application of different individual programs and approaches for every child. (1)

## *PROPOSALS*

### TO CONTINUE ACTIVITIES IN RESOLVING THE TREATMENT OF CHILDREN WITH AUTISM IN THE REPUBLIC OF MACEDONIA

Treatment organization of people with autism should be directed towards:

1. To start, where it has started, to continue the treatment with the simplest form of organization which does not require staff, premises, means, i.e. opening of special groups that can work in one shift or in two shifts at the existing institutions (kindergartens, schools, rehabilitation institutions, health institutions and others).
2. Besides the group which works at the Institute for Rehabilitation of Hearing, Speech and Voice, other 4 groups can be open for pre-school children, i.e. 3(three) in Skopje, each at the Institute for Rehabilitation of Hearing, Speech and Voice (a new one), at the Institute for Rehabilitation of Children and Youth, and at the Institute for mental health in Skopje. Other two groups can be open, each at the Institute for Rehabilitation of Hearing, Speech and Voice in Bitola and at a kindergarten in Strumica, where such children have been evidenced.
3. For school age children with autism, 6 (six) groups can be open, 3 in Skopje, each in the special schools *Dr. Zlatan Sremac* and *Idnina* and at the Institute for Mental Health, other three to be open each in the special schools, i.e. special classes in Bitola, Novo Selo-Strumica and Kumanovo.

Во повеќето од овие установи има објективни услови за почнување со таков третман, бидејќи има вклучено одделни деца во воспитно-образовниот процес, а во Ново Село се извршени и потребните подготовки за отворање на групата (простор, оспособен кадар, програма за работа и др.).

4. За младинци со аутизам можно е да се отворат 2 групи, и тоа едната што ќе работи преку денот во две смени во Заводот за рехабилитација на деца и младинци-Скопје, а другата со стационар што може да работи во истиот завод или во Депандансот за тешко ментално ретардирани лица во Демир Капија.

5. Со отворањето на наведените посебни групи (со стекнување доволно искуство во работата со деца со аутизам, оспособување стручен кадар, афирмација на овој вид третман и менување свеста кај надлежните служби, установи и организации), ќе се стекнат услови за да се реализира и крајната цел во организацијата на третманот - отворање центар за образование и рехабилитација на деца и младинци со аутизам, што во овој случај тоа и го предлагаме.

There are objective conditions in most of these institutions, because there are already included children in the educational process, and in Novo Selo, necessary preparation for opening a group (premises, qualified staff, work program and so on).

4. For youth with autism 2 groups can be open; one will work day time in two shifts at the Institute for Rehabilitation of Children and Youth-Skopje and the other with a stationary that can either work at the same institute or at the annex to the building for hard mentally retarded people in Demir Kapija.

5. Conditions for implementation of the objectives of the treatment organization and opening of the Center for Education and Rehabilitation of Children and Youth with Autism (our proposal) will be provided by opening the above mentioned special groups (with acquiring practical experience of work with autistic children, in service staff training, affirmation of this treatment and changing the attitudes of the authorized offices, institutions and organizations).

### *Литература / References*


1. **Аџински Љ**. *Интегрална рехабилитација на ментално ретардирани лица,* Ј.К.С.Д. - Београд, 1982.
2. **Аџински Љ**, **Аџински Г**, **Михаилов З**. *Основи на дефектолошката теорија и практика,* во издание на Сојузот на дефектолозите на Македонија - Скопје, 1999.
3. **Аџински Љ**. *Децата со аутизам и потребата од организација на нивниот третман во Република Македонија,* Дефектолошка теорија и практика 3/4, 1999.
4. **American Psychiatric Association,** *Diagnostic and statistical manual of Mental disorders* (4th ed). Washington, DC, 1994.
5. **Бојанин С**. *Неуропсихијатрија развојног доба и општи реедукативни метод,* Завод за уџбенике и наставна средства - Београд, 1985.
6. **Јакулиќ С**. *Ментална заосталост,* Завод за уџбенике и наставна средства - Београд, 1981.
7. **Јакулиќ С**. *Биолошка основа психијатрије,* Завод за уџбенике и наставна средства - Београд, 1991.
8. **Mauk JE**, **Reber M**, **Batshaw Ml.** *Autisam in Children with Disabilities.* Paul Brooces Publiching Co. 1977; 425-443.
9. **Милачиќ И**. *Третман особа са аутизмом,* Семинар во Скопје, 2000.
10. **Цокова Диана**, *Фактори за усовршување на дејностите на лицата со аутистички нарушувања,* Специјална педагогика, Софија, јануари 2005.
11. **Меѓународни семинар**: *Савремене тенденције у третману особа са аутизмом,* Нови Сад, 2002.
12. **Селаковиќ М**. *Организација специјализоване помоќи код раног дечјег аутизма (Методске препоруке)* - Превод - Москва, 1989.
13. **Ута Фритх**, *Аутизам на прагу тајни* - Прво издање, Bakil Vlackvill - 1989 (превод).
14. **Центар за аутистичну децу** - Београд: *О организации рада Центра за домско збрињавање и дневни боравак деце и омладине у Београду,* 1990.
15. **ШОСО „Милан Петровиќ“** - Нови Сад - *Глобални програм рада за васпитно образовни рад са децом са аутизмом.*